Предмет: решение за ... да се врати

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

| Примено: 15.12.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0801 | 725/1 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-150/6
09-11-2021 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 18 седница одржана на 19.05.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Хотелско - ресторански менаџмент“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет„ Гоце Делчев“, Штип**

1. Се акредитира студиската програма „ Хотелско - ресторански менаџмент “, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет„ Гоце Делчев“, Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран менаџер по хотелиерство и ресторанство /во меѓународен промет академски студии назив: Graduate manager in hotel and restaurant management.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки
Научно – истражувачко поле: 514 Туризам и угостителство
Научно – истражувачка област: 51400 Организација на угостителство, 51401 Хотелиерство, 51402 Гастрономија, 51403 Туристички агенции, 51404 Туристичка географија, 51406 Туристичка промоција, 51408 Хотелски инжинеринг, 51409 Управување со туристички простор, 51411 Угостителско познавање на стока и храна, 51412 Безбедност во туризмот, 51413 Туризмот и културното наследство, 51414 Туристички маркетинг, 51415 Туристичко деловно комуницирање, 51417 Ресторански менаџмент, 51418 Туристичка култура, култура во однесувањето во туризмот, 51419 Друго

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 95 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 0201- 354/8 од 30.06.2020 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „ Хотелско - ресторански менаџмент “, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет„ Гоце Делчев“, Штип, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 150/1 од 09.03.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 15-та седницата одржана на 07.04.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 150/3 од 22.06.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 18-та седница одржана на 19.05.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски